Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола
**Економски факултет – Прилеп**

Комисија за самоевалуација

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИЛЕП

# ЗА ПЕРИОД ОД 2017/2018 ДО 2019/2020 ГОДИНА

**Проф. д-р Драгица Оџаклиеска**
**Декан**

**Проф. д-р Снежана Обедниковска**
**Претседател на Комисијата за самоевалуација**

Ноември, 2020 година

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА**
**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП**

***Академски кадар:***

1. **Проф. д-р Снежана Обедниковска** ____________________
2. **Проф. д-р Дејан Здравески** ____________________
3. **Проф. д-р Љупче Маркушески** ____________________
4. **Проф. д-р Моника Ангелоска-Дичовска** ____________________

***Студент:***

5. **Михаил Дивјакоски** ____________________

# С О Д Р Ж И Н А


ВОВЕД ........................................................................................................ 4

НАЦИОНАЛЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ ........................................................ 4

Основање и развој ............................................................................................ 4

Правен статус и автономија ............................................................................ 7

I.ФУНДАМЕНТАЛНИ НАСОКИ НА ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ ................................ 8

1. Мисија, визија, цели, приоритети ................................................................. 8

2. Култура на квалитет ..................................................................................... 9

II.ИНСТИТУЦИОНАЛНО РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ................ 10

1. Структура на Факултетот – органи и тела на управување и одлучување ...... 10

1.1 Финансирање ............................................................................................ 10

1.2. Човечки ресурси ........................................................................................ 11

2. Настава и учење ........................................ **Error! Bookmark not defined.**

2.1.Студиски програми и студенти ........................................................................ 13

2.2. Информациски систем .................................................................................. 16

3. Научно – истражувачка дејност ..................................................................... 16

3.1.Систем за поддршка на научно – истражувачката дејност .**Error! Bookmark not defined.**

3.2. Едукација и истражување ................................ **Error! Bookmark not defined.**

4. Општествена одговорност .................................. **Error! Bookmark not defined.**

5. Меѓународна соработка и интернационализација ........... **Error! Bookmark not defined.**

III. ИНСТИТУЦИОНАЛНО МОНИТОРИРАЊЕ ........................................................... 20

IV. SWOT АНАЛИЗА ............................................................................................. 21

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ..................................................................................... 22

ПРИЛОЗИ ............................................................................................................... 24

Прилог 1 – Органогам ......................................... **Error! Bookmark not defined.**

Прилог 2 – Табели ............................................................................................... 25

Прилог 3 - Табеларни прикази на обработени податоци од студентска анкета **Error! Bookmark not defined.**

За оценување на наставно – образовната дејност на наставниците ........... **Error! Bookmark not defined.**

За оценување на студиската програма .................. **Error! Bookmark not defined.**

## ВОВЕД

Врз основа на член 110 и 55 од Законот за високо образование (Сл. весник на Република Македонија бр. 82, од 8 мај, 2018), а со цел подобрување на квалитетот на образовниот процес Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет - Прилеп, во состав: проф. д-р Снежана Обедниковска - претседател, проф. д-р Дејан Здравески, проф. д-р Љупче Маркушески, проф. д-р Моника Ангелоска-Дичовска и студент Михаил Дивјакоски - членови, изврши самоевалуација на Факултетот за периодот од 2017/2018 година до 2019/2020 година.

Во текот на спроведувањето на постапката за самоевалуација користена е бројна документација во хартиена форма и електронски облик обезбедена од: стручната служба, службата за студентски прашања, центарот за професионални обуки и кариерен развој, центарот за научно-истражувачка работа, елаборати, правилници и други законски и подзаконски акти. Исто така, користени се податоците од самостојно спроведената студентска анкета на крајот од зимскиот и летниот семестар на академската 2019/2020.

При обезбедувањето на податоците постоеше соодветна кооперативност од страна на академскиот и административниот кадар, но и покрај тоа како клучна потешкотија е непостоењето на доволно ефикасен софтвер којшто би бил постојано на располагање за обработка на податоците со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста при тековното спроведувањето на самоевалуацијата.

## НАЦИОНАЛЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

### Основање и развој

Етаблирањето на Економскиот факултет - Прилеп во образовниот систем на Република Македонија, односно првата фаза од неговиот развој започнува во 1960 година, со основањето на Специјализираната книговодствена школа (со одлука бр. 09-1864/3 од 10.10.1960 година донесена од Извршниот совет на СРМ)

Во октомври 1966 година, проширена е дејноста на Факултетот преку отворање две насоки и тоа: финансиско-книговодствена и комерцијална, со што Специјализираната книговодствена школа прераснува во Виша економска школа, што всушност ја претставува неговата втора развојна фаза.

Третата фаза од развојниот циклус започнува кон крајот на 1970 година со прераснување на Вишата во Висока економска школа. Институцијата започнува да дејствува како висока школа (од 26 октомври 1973 година), односно како факултетски субјект (од 26 мај 1977 година) во образовниот систем на Републиката.

Во периодот од 1976 до 1977 година извршено е оганизациско преструктуирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, при што Економскиот факултет - Прилеп се интегрира со Економскиот институт и Економскиот факултет - Скопје во една работна единица, како Факултет за економски науки.

Со формирањето на новиот Универзитет во Битола, Факултетот се издвојува од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и станува рамноправна членка на новиот универзитет.

Од академската 1973/74 година Високата школа, односно Факултетот започнува да изведува степенеста настава на три насоки (економско - финансиска, економско - комерцијална и економско - кибернетска).

Академската 1989 година се изведува настава на две насоки и тоа:

- Економика на претпријатијата
- Кибернетска насока

Академската 1995/96 година се воведени нови насоки и тоа:

- Меѓународна економија
- Маркетинг менаџмент

Почнувајќи од академската 2000/01 година, врз основа на решението бр. 12-425/3 од 29.02.2000 година на Министерството за образование, на Економскиот факултет во Прилеп успешно е етаблирана и функционира студиската програма за сметководство, финансии и ревизија како *додипломски студии*.

Со одлука на Наставно-научниот совет од 19.04.2004 година, извршена е деноминација на студиските програми на додипломските студии, на следниов начин:

- меѓународна економија во меѓународна економија и бизнис
- економија на претпријатија во бизнис економија
- економско-статистичко-кибернетска во деловна статистика и информатика.

Оваа деноминација е потврдена со решение на Одборот за акредитација од 16.05.2005 година.

Од академската 2008/2009 година е воведена студиската програма финансиски менаџмент во траење од три години (според моделот 3 + 2);

Со одлука на Наставно-научниот совет од 04.12.2008 година извршена е деноминација на студиските програми, согласно Законот за високото образование, и тоа:

- бизнис економија во бизнис администрација – менаџмент
- деловна статистика и информатика во бизнис информатика.

Во 2012/2013 студиската програма финансиски менаџмент е деноминирана во банкарство и финансиски менаџмент, а во 2013/2014 стартуваше и нова студиска програма иновациски и проектен менаџмент.

Од академската 2017/2018 година, акредитирани се следните четиригодишни студиски програми:

1. Е - бизнис (4+1)
2. Менаџмент (4+1)
3. Сметководство и ревизија (4+1)
4. Меѓународен бизнис (4+1)
5. Маркетинг менаџмент (4+1)
6. Банкарство и финансии (4+1)

Економскиот факултет - Прилеп, како високообразовна институција во својот перманентен динамичен развој и со сите евидентни резултати, создал објективни предуслови уште во учебната 1980/81 година за реализација на иницијативата започната пред повеќе години за организирање последипломски студии. Последипломскиот студиум, како редовен облик на настава, најнапред е организиран од областа на деловните финансии. Во истовреме бил изготвен и наставен план и програми, при што била застапена актуелната реалност и потребите на организациите, односно деловните субјекти. Комисијата за последипломски студии, во тоа време, усвоила правилник за работа на студиумот и дала насоки за проширување на оваа иницијатива и отворање последипломски студии и од други области. Конкретно:

- од 1980/81 година започнува со работа последипломскиот студиум деловни финансии во претпријатијата;
- од 1981/82 година деловно и развојно планирање во претпријатијата; а
- од 1988/89 година управување со економските процеси.

Во академската 2002/03 година на Економскиот факултет - Прилеп започнаа со работа уште две нови атрактивни насоки на последипломските студии, и тоа:

- бизнис администрација - МБА менаџмент; и
- меѓународна економија и бизнис.

Од 2009 година последиплмоските студии се организирани според европскиот кредит трансфер систем и тоа како втор циклус студии. До академската 2017/2018 година функционираат следните студиски програми на втор циклус студии:

- еднogодишни студии (60 кредити)
  - е-бизнис
  - маркетинг менаџмент
  - меѓународна економија и бизнис
  - сметководство, финансии и ревизија
  - банкарство
  - иновациски и проектен менаџмент
  - менаџмент
- двогодишни студии (120 кредити)
  - бизнис администрација-менаџмент
    - модул менаџмент
    - модул претприемништво и менаџмент на мали бизниси
  - бизнис информатика
  - финансиски менаџмент

Од академската 2018/2019 година, продолжуваат да функционираат следните студиски програми на втор циклус студии:

- Едногодишни студии (60 кредити)
  - Е-бизнис

- Маркетинг менаџмент
- Меѓународна економија и бизнис
- Сметководство, финансии и ревизија
- Банкарство
- Менаџмент

- Двегодишни студии (120 кредити)
  - Бизнис администрација – менаџмент

Од 2010/2011 академска година докторските студии на Економски факултет Прилеп започнаа да се организираат како трет циклус на студии со Акредитација на студиската програма Претприемништво и менаџмент на мали и средни претпријатија, програма развиена и реализирана во рамките на Темпус проектот DOCSMES во соработка со University of Bologna, Italy; Universitat Autonima de Barcelona, Spain; University of Nice, France; South East European University, Republic of Macedonia; University of Tirana, Albania; Agricultural University of Tirana, Albania and Dardania University, Prishtina, Kosovo.

Покрај неа акредитација имаат добиено и студиските програми по Маркетинг, Менаџмент и Меѓународен бизнис кои се активни и денес. Во 2019/2020 академска година можностите за студирање на трет циклус се прошируваат со уште две акредитирани студиски програми и тоа: Финансии и Бизнис информатика.

Од наведеното за поздравување е трендот на зголемување на ново добиени акредитации на студиски програми. Овие програми се изготвувани според потребите на стопанствениците, т.е ќе квалификуваат кадар каков што бараат актуелните трендови на пазарот.

## Правен статус и автономија

Своето работење Факултетот го врши според Статутот на Универзитетот, Статутот на Економски факултет – Прилеп, како и други општи акти.

Економскиот факултет - Прилеп е јавна високо-образовна институција интегрирана во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Факултетот врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно апликативна високостручна дејност во студиско и научноистражувачко подрачје, според студиски програми на една или повеќе сродни или меѓусебно поврзани наставно-научни областиод прв, втор и трет циклус студии.

Факултетот може да врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области што се во врска со основната дејност на Факултетот[1]

Факултетот ја врши својата дејност врз начелото на академската автономија. Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на

[1] Закон за високо образование на Република Македонија, член 21. Сл. весник на Република Македонија бр. 82, од 8 мај, 2018

академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.[2]

Автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува во:[3]

1. планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;

2. воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;

3. донесувањето на статутот и другите општи акти на високообразовните установи;

4. изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти;

5. управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;

6. одлучување за формите на соработка со други организации;

7. здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;

8. остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и

9. одлучувањето за други прашања утврдени со закон, статут и другите општи акти.

# I. ФУНДАМЕНТАЛНИ НАСОКИ НА ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

## 1. Мисија, визија, цели, приоритети

Нашата **мисија** е да ги едуцираме студентите во областите од економијата и бизнисот преку понуда на висококомпетитивни и професионално-ориентирани образовни програми.

Економскиот факултет-Прилеп има амбиција, стратегија, потенцијал и **визија** да подготви успешени генерации за ефикасно соочување со новите компетитивни предизвици.

Нашата **цел** е студентите да стекнат знаења со коишто ќе можат поуспешно да одговорат на професионалните предизвици на современата економска реалност.

Комплексниот и неизвесен амбиент на динамични промени претставуваат голем предизвик за периодот што доаѓа. Новите случувања во општеството ја наметнуваат потребата од нова парадигма во развојот на Економскиот факултет -Прилеп, што ќе овозможи задржување на континуитетот на раст и негово конкурентско позиционирање во високообразовниот простор на Република Македонија.

**Приоритет** на Факултетот, во период што следува, е да се промовираме како лидер и промотор на нови и иновациски идеи и како место во коешто ќе се создаваат кадри способни да се соочуваат со проблемите во бизнис секторот, како и во променливото општествено - економското окружување. Новонастаната ситуација во окружувањето како

[2] [2] Закон за високо образование на Република Македонија, член 7. Сл. весник на Република Македонија бр. 82, од 8 мај, 2018

[3] Закон за високо образование на Република Македонија, член 9. Сл. весник на Република Македонија бр. 82, од 8 мај, 2018

последица на COVID-19 пандемијата наметнува насочување на напорите и кон усовршување на онлајн нставно-образовната дејност и фукнционирање на Факултетот во различно (дигитално) окружување.

## 2. Култура на квалитет

Целта на факултетскиот систем за обезбедување квалитет е постигнување највисок степен на квалитет во високообразовната, научно-истражувачката, применувачката високостручна дејност и административната работа на Факултетот преку критичкото согледување на состојбите во сите сфери на работењето, како и промовирањето култура на квалитет. Активностите за обезбедување квалитет се имплементираат, мониторираат и ревидираат од страна на Факултетската комисија за самоевалуација.

Активностите околу самооценувањето на работењето ги организира и спроведува **Комисија за самоевалуација**, а врз основа на: Закон за високото образование, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, Правилник за обезбедување квалитет, Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Правилник за задолжителните компоненти што треба да ги поседуваат елаборатите за прв, втор и трет циклус студии и други национални прописи, како и Правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии, Правилник за мобилност на универзитетите во земјата и во странство, Правилник за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, Правилник за организирање на издавачката дејност, Етички кодекс и други.

Комисијата за самоевалуација спроведува постапка за евалуација, притоа беше извршена електронска анкета на студентите од прв циклус на студии. **Од академската 2019/20 се започнува со електронска анкета за втор и трет циклус.**

Евалуацијата се однесува на академскиот кадар и студиските програми.

После електронската евалуација, добиени се резултати врз основа на коишто се оценува квалитетот, организацијата, реализацијата на студиската програма и условите за студирање на Факултетот, како и за квалитетот на наставниот кадар. Податоците за квалитетот на соработничкиот и академскиот кадар, се прикажани во Прилог 3: Табела 13 и Табела 14.

Од претходно наведените резултати може да се заклучи дека Факултетот располага со современи и атрактивни студиски програми коишто се вистински предизвик за студентите. Податоците за квалитетот и атрактивноста на студиските програми се прикажани во Прилог 3 – Табела 15.

## II. ИНСТИТУЦИОНАЛНО РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ

Во рамките на Факултетот постои ефикасна организациска и управувачка структура, за преземање на активности и постапки во институционалното раководење, управување, одлучување и обезбедување култура на квалитет во високообразовната и научно – истражувачката дејност, интернационализацијата на работењето, како и општествената оправданост.

### 1. Структура на Факултетот – органи и тела на управување и одлучување

Организациската структура на Факултетот се темели на Законот за Високо образование, Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот што ја регулираат оваа сфера.

Функционирањето на Факултетот е организирано по хоризонтална и по вертикална основа, претставено преку органи и тела во чие работење, покрај академскиот и административниот кадар, се вклучени и студентите на Факултетот.

Органи на Факултетот се: Наставно – научниот совет, Деканот и Деканската управа (Прилог 1 – Органогам 1).

**Наставно – научниот совет** го сочинуваат: доцентите, вонредните и редовните професори на Факултетот. Во наставно – научниот совет свои претставници избираат и студентите.

**Деканатската управа** ја сочинуваат: деканот, продеканите, шефовите на катедри, раководителот на Центарот за научноистражувачка работа, раководителот на Центарот за професионални обуки и кариерен развој, како и еден член избран од факултетското студентско собрание. Деканската управа во рамките на своите надлежности, ги има активностите поврзани со дејноста и равојот на Факултетот, односно воспоставувањето соработка и поблиски односи со пошироката општествена заедница и државните органи. Во тој контекст, донесувањето на актите за регулирање на нормалното функционирање на институцијата се нејзина главна обврска, што секако, ја наметнува потребата од активно учество при нивната имплементација.

#### 1.1 Финансирање

Економскиот факултет – Прилеп своето финансиско работење го извршува преку буџетска сметка и сметката на самофинансирачки активности. Добиените средства на буџетската сметка се строго наменски и тие се искористени во целост според намената и тоа за: плати на вработените, надоместоци од плати, набавка на масло за греење и сл.

Во **2017** година, приливот на финансиски средства на буџетската сметка изнесува 25.885.648 денари, од кои за плати - 23.267.249 и за материјални трошоци – 2.618.399 денари. На сопствената сметка се остварени приходи од 18.649.025 денари. Трошоците за плати за 2017 се во висина од 11.843.578 денари, а за материјални трошоци – 6.805.447 денари. Буџетските средства учествувале со 66.27% во финансирање на платите на вработените, а со 27.78% за покривање на материјалните трошоци.

Во **2018** година, приливот на финансиски средства на буџетската сметка изнесува 25.023.891 денари, од кои за плати - 22.975.658 и за материјални трошоци – 2.048.233 денари. На сопствената сметка се остварени приходи од 17.410.003 денари. Трошоците за

плати за 2018 се во висина од 8.680.658 денари, а за материјални трошоци – 8.729.345 денари. Буџетските средства учествувале со 72.58% во финансирање на платите на вработените, а со 19% за покривање на материјалните трошоци.

Во **2019** година, приливот на финансиски средства на буџетската сметка изнесува 27.406.483 денари, од кои за плати - 23.034.309 и за материјални трошоци – 4.372.174 денари. На сопствената сметка се остварени приходи од 11.579.860 денари. Трошоците за плати за 2019 се во висина од 4.305.405 денари, а за материјални трошоци – 7.274.455 денари. Буџетските средства учествуваат со 84.25% во финансирање на платите на вработените, а со 37.54% за покривање на материјалните трошоци.

Од изнесните податоци може да се забележи тенденција на намалување на приходите од сопствената сметка што се должи на намалениот број на студенти кои се запишуваат на факултетот.

Факултетот, иако со потешкотии, редовно и навремено ги измирува обврските спрема добавувачите, обврските по основ на плати на вработените, како и по основ на нивните дополнителни ангажмани и ангажманите на ангажираните професори од другите институции.

### 1.2. Човечки ресурси

Вкупниот академски кадар вработен на Факултетот во обработуваниот период е претставен во табела 2. Во академската 2019/2020 год. вкупниот академски кадар вработен на Факултетот на определено и неопределено време броел вкупно 34 лица, од кои 52.9% се редовни професори, 38,2 % вонредни професори, 5.9% доценти и асистент- докторант 2.9% (Табела 2). Во академската 2019/2020 година, административната работа ја извршуваат 8 административни службеници и помошно – технички лица вработени на Факултетот (Табела 3). Споредувајќи ги овие бројки со другите две академски години кои се предмет на овој извештај може да се забележи намалување на бројот на доценти, што се должи на академското унапредување на кадарот.

Во однос на старосната структура распределбата е следна: редовни професори – 55 години просечна старост, вонредни професори – 39, доценти – 34 и асистенти – 35 години просечна старост. Во однос на родовата распределба, 17 (или 51%) од академскиот кадар се жени (Табела 2). Просечниот број на студенти по наставник на прв цикус студии изнсува 13.9 (Табела 4). Гледајќи ја старосната стуктура во извештајниот период нема некои поголеми отстапувања, освен што радува фактот дека доцентскиот кадар на факултетот е забележително помлад.

Структурата на наставниот кадар според звања овозможува во континуитет да се задоволат потребите од соодветен кадар за организирање на студии на втор и трет циклус.

За разлика од состојбата со наставниот кадар, ситуацијата со соработничкиот кадар е многу неповолна од аспект на бројноста, бидејќи моментално на Факултетот нема асистенти.

Од табеларните податоци за структурата на вработениот академски кадар може да се констатира дека истиот во целост ги задоволува критериумите за квалитет и тоа како во поглед на стекнатиот степен на образование (докторат) така и во поглед на соодветноста при изборот по предметни програми, односно области. Во принцип, наставните дисциплини кои ги предаваат наставниците се соодветни со научните области во кои се бирани и во кои одбраниле докторат (Табела 2а). На Факултетот особено се внимава на

ваквите поклопувања, како и на вкупниот фонд на часови на наставниците, кои се во согласност со законските рамки.

При изборот на академскиот кадар во звања во целост се задоволени барањата од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за избор за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработничкичи звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола во поглед на соодветноста на областите на кои е стекнат докторатот и областите на кои се врши изборот, а кое пак се обезбедува со избор на соодветна и стручна рецензентска комисија согласно законските и подзаконските акти.

Во насока на зголемување на квалитетот на кадарот е и реализирањето на студентската анкета којашто Факултетот ја спроведува во летниот и зимскиот семестар во секоја академска година. Резултатите од евалуацијата на академскиот кадар ги постигнаа очекуваните резултати. Имено, наставниците се соодветно подготвени за квалитетна реализација на наставата, користат интерактивни методи, стимулираат дополнителни активности со што предизвикуваат интерес кај студентите. Исто така, наставниците редовно ја изведуваат наставата, фондот на часови за предавање и вежби е соодветен на обемот и тежината на предметната програма. Личната култура и односот на наставниците се на соодветно ниво и наставниците се отворени и достапни за консултации. Наставниците објективно ги оценуваат резултатите од работата на студентите (Табела 14).

Постапката за изборот во повисоко звање на Економскиот факултет - Прилеп е во согласност со Законот за високо образование, како и во согласност со внатерешните акти на Универзитетот и Статутот на Факултетот.

Во Табела 1 б и Табела в прикажан е бројот на ангажирани наставници на **вториот и третиот циклус** студии. Од овие податоци може да се констатира дека се исполнети условите за непречено запишување на значителен број студенти и на овие циклуси студии.

### 1.2.1. Оценување на квалитетот на академскиот кадар и евиденција на резултатите од научно – истражувачката, развојната и апликативната дејност

Имајќи ги предвид законските одредби на ниво на државата, како и актите на Универзитетот, изборот во наставно-научни звања, односно квалитетот на академскиот кадар (наставниците, соработниците и асистентите - докторанти), се врши/оценува во согласност со Класификацијата на научните полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување според стандардите на Меѓународната Фраскатиева класификација на образованието (ISCED).

При изборите, реизборите и унапредувањата на наставниците и соработниците, Факултетот во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, недвосмислено ги спроведуваше Статутот и усвоените единствени критериуми за избор во наставно-научни звања на Универзитетот, како и Статутот на Факултетот. Како потврда на тоа говори и фактот што во последните неколку години на Факултетот на избор или реизбор во звање, немало поплаки или жалби на објективоста или критериумите во оценувањето на наставно-научните и стручни резултати на избраните кадри од страна на други противкандидати кои аплицирале на истиот конкурс, иако на поголемиот број од конкурсите имало барем уште еден апликант за работното место.

Оценувањето на квалитетот на академскиот кадар на Факултетот го прави, при изборот, односно реизборот во звање, рецензенска комисија, во согласност со научно – истражувачките подрачја, што овозможува поширок избор на кандидатите при изборот на темите за дипломските трудови и областите на истражување на магистерските трудови.

Во изминатите три години, академскиот кадар на Факултетот се јавува како автор на 32 дела-стручна литература, а како коавтор на 6 дела-стручна литература.

Центарот за научно-истражувачка работа (ЦНИР) претставува засебна организациска единица во рамките на Факултетот, којашто ја развива, извршува, промовира, интензивира, популаризира и поттикнува научно-истражувачката дејност, како интегрален дел на вкупната дејност на Економскиот факултет во Прилеп. Кај научно-истражувачката дејност на наставниот кадар, очигледно е значителното учество на наставниците и соработниците со сопствени трудови објавени во научни публикации во земјата и странство со вкупно 112 публикувани трудови само во 2019 година. (Табела 12)

Учеството на наставниците и соработници од Факултетот во научно-истражувачки и апликативни проекти во разгледуваниот период може да се сумира во реализација на еден меѓународно научно – истражувачки проект.

Наставничкиот кадар ја презентира својата работа на вкупно 94 конференции во земјата и странство, како автори или коавтори. Во однос на начинот на презентација на домашните манифестации, најзастапен е усниот метод на претставување, следи презентација преку постер и на крај соопштение (Табела 11 и Табела 11а.). Економскиот факултет – Прилеп во академската 2019/20 година беа организирни три меѓународни конференции, во чии состав на научните одбори учествуваа значаен број истакнати научни работници од странство.

Наставниот кадар на Економски факултет – учествувал во вкупно 33 научно-истражувачки и апликативни проекти во последните три години (Табела 11б.). Овде би го потенцирале и учеството на наставниците од Економски факултет - Прилеп во реализирање на европски проекти во последните три години: EU Civil Society Facility and Media Programme, EU RCGO, EU for You, INTERREG-BALKAN MED, IPA и други (Табела 11в).

## 2. Настава и учење

### 2.1. Студиски програми и студенти

#### 2.1.1. Креирање и усвојување на студиски програми

Изработката на нови студиски програми на Факултетот се заснова врз Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии, којшто е во согласност со прифатените европски стандарди и други акти на Универзитетот и Факултетот. Дополнително, при креирањето на студиските програми Факултетот ги вклучува работодавачите и Alumni здруженијата во испитувањето на потребите на пазарот на трудот и утврдувањето на дескрипторите на резултатите од учењето, а за постигнување на одржливоста во вработувањето. Исто така, Факултетот ги зема во предвид и резултатите од студентското анкетирање за квалитетот на постојните студиски програми, а улогата на студентите при прифаќањето на студиските програми е изразено и преку нивното учество во органите каде истите се одобруваат.

Структурата на студиските програми е дизајнирана според принципите и стандардите на Болоњскиот процес кој преставува современ европски концепт на студирање (ЕКТС, интерактивна настава, практиканска работа, континуирано оценување, мобилност на студентите, соодветен соднос на задолжителните и изборните предмети). Со овој систем се опфатени поените од целокупните активности на студентот и неговата ангажираност на предавањата, вежбите, испитите, како и дополнителните активности како пракса и самостојно учење (Табела 6). Студентите во текот на студирањето се стекнуваат со знаење и вештини од областа на економијата, информатиката, странските јазици, менаџментот и слично. Овие знаења и вештини им овозможуваат на дипломираните студенти стекнување на способности за независно, критичко решавање на економски проблеми (Табела 5).

На Економскиот факултет – Прилеп постојат шест четиригодишни академски студии, и тоа: Е-бизнис; Менаџмет; Сметководство и ревизија; Меѓународен бизнис; Маркетинг менаџмент; Банкарство и финансии. После завршувањето на четиригодишните студии студентите се стекнуваат со 240 кредити. (Прилог 1 – Табела 1а)

Анализата на одговорите на студентите укажуваат на генерално позитивна оценка за квалитетот на студиските програми (Прилог 3 – Табела 15) .

Исто така, функционираат и шест едногодишни студиски програми на втор циклус и една двегодишна студиска програма. После завршувањето на едногодишните студиски програми студентите се стекнуваат со 60 кредити, а после завршувањето на двегодишната студиска програма се стекнуваат со 120 кредити (Табела 1б).

Третиот циклус студии се спроведува преку следниве студиски програми: Бизнис информатика, Маркетинг, Менаџмент, Меѓународен бизнис, Финансии коишто се одвиваат на македонски јазик. После завршувањето на третиот циклус студии, студентите се стекнуваат со 180 кредити (Табела 1в.).

Напредувањето на студентот во текот на студиите е пропишано со правилниците за студирање, а е овозможено со поврзаноста на предметните програми во структурата на секоја студиска програма (потребни предзнаења за предметите). Преминот од еден на друг циклус на студии е предвиден со задолжително внесување информации за можноста за продолжување на образованието во елаборатот за студиската програма.

Факултетот во изминативе неколку години воспостави клиничка настава за современи, атрактивни и апликативни теми, реализирани од истакнати стручњаци од практиката. Овие предавања претставуваат главна алка за поврзување на теоријата со праксата, надополнувајќи ги теоретски стекнатите знаења на студентите со практични содржини.

Апликативната работа на наставниците и соработниците на Факултетот обезбедува воспоставување тесна соработка меѓу високото образование и деловните субјекти, а тоа отвора простор за проверка на знаењата и практична примена на стекнатите знаења и вештини на студентите во деловната реалност.

### 2.1.2. Студенти

Квотите за запишување во прва година на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, според различни критериуми во зависност од циклусот, се составен дел на Конкурсите за запишување на студенти, објавени од страна на Универзитетот, а врз основа на одлуки на Владата на Република Македонија.

Во Табела 7 претставена е структура на запишани студенти во сите години на студии. Бројот на запишани студенти на прв, втор и  трет циклус студии година се дадени во Табела 8, 8а и 8б.

При оценувањето на студентите во целост се применуваат одредбите од правилниците за студирање на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола.

Континуираната анализа на успехот на студентите на прв, втор и трет циклус, евиденцијата на редовноста во изведувањето на наставата, остварените резултати на колоквиум/испит, добиената просечна оценка, преку задолжителното доставување на т.н. „план и реализација на наставната програма" се меѓу мерките коишто се преземаат на ниво на Факултет, а имаат за цел анализа на проодноста, зголемување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на постапката за оценување. Во таа насока се и аналитичките податоци што се однесуваат на оценувањето на студентите на прв, втор и трет циклус студии (Табела 9, 9а и 9б).

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование Универзитетот и Факултетот му издаваат диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

### 2.1.3. Материјално – технички ресурси

Економскиот факултет – Прилеп располага со одлични материјално-технички и просторни можности за нормално одвивање на наставно образовниот процес, што во целост кореспондираат со предвидените стандарди и критериуми за акредитација за вискообразовната дејност.

Имено, располага со 30.000 м$^2$ бруто простор, од којшто вкупната површина за изведување настава (нето простор) изнесува 5.534 м$^2$. Постојат пет современи амфитеатри со површина од 1.084 м$^2$, и 1.282  седишта, 9 училници со површина од 686 м$^2$, и 480 седишта, како и 40 кабинети за наставниците и соработниците. Факултетот, денес располага со три современи комјутерски училници со вкупно 60 компјутери чија основна намена е едукативната дејност. Потребно е да се истакне дека една од овие училници  е опремена со современа видео-конференциска опрема и електронски табли што наоѓаат примена во меѓународната соработка со други универзитети.

Факултетот располага со 140 компјутери соодветно распоредени по наставен и соработнички кадар, стручна служба, училници и друго, 1 интернет приклучок со соодветна интерна кабелска мрежа, 12 ЛЦД проектори, 3 скенери, 40 печатачи, кои овозможуваат Економскиот факултет – Прилеп да се вброи како институција меѓу најнапредните во Република Македонија.

Пристапот до информациските бази (1) за наставно научен кадар и (1) за студенти му овозможува на академскиот кадар и студентите пристап до современа научна и стручна литература, заради подигање на квалитетот на наставата и учењето.

Бројот на набавените книги во библиотеката, списанијата кои се добиваат во истата и техничката поддршка на библиотеката им овозможуваат на студентите 100% покривање со литература (задолжителна и дополнителна) на предметните програми.

### 2.1.4. Информирање на студентите

Економскиот факултет – Прилеп презема соодветни активности за информирање не само на тековните студенти, туку и на матурантите, односно кандидатите за упис на истиот. Во таа насока, се организираат гостувања на лица од Управата на електронските медиуми, се врши закуп на рекламен простор во печатените медиуми, се организира „Отворен ден“ на Факултетот и сл.

Во текот на студиите студентите имаат повеќе можности да се информираат за настаните и прашањата поврзани со нивното студирање. Така, покрај постоењето на класичните огласни табли, Факултетот на својата веб страна ги објавува сите податоци поврзани со студирањето на истиот. Исто така, се објавува списанието „Еквилибриум“ чија цел е публикување на активностите на Економски факултет - Прилеп заради нивно популаризирање меѓу студентите, партнерските институции и пошироката јавност. Покрај информациите за тековни активности во Факултетот, се објавуваат информации за соработка со други универзитети и институции, како и информации за активностите на Студентското собрание и AIESEC. Списанието, покрај во печатена форма, се објавува и во електорнски облик на интернет страната на Факултетот.

Факултетот организира Отворен ден на кој потенцијалните студенти имаат можност да се информираат за студиските програми, како и да се уверат во одличните технички и просторни капацитети на Факултетот.

## 2.2. Информациски систем

На Факултетот се користи системот iKnow којшто претставува интегрирано, web-базирано софтверско решение што овозможува електронска обработка на податоците за студентите, од нивното пријавување на конкурсите за упис во прва година на сите циклуси, па сé до завршување на студиите. iKnow овозможува пристап за студентите, наставниците и службите за студентски прашања, со строго дефинирани привилегии. Имајќи ги предвид постојните функционалности (можност за online пријавување испити, избор на предмети и целосен увид во студентското досие, можност за електронско издавање на документи, увид во бројот и структурата на студенти за испитите, пријавени студенти во испитните сесии, можност за внесување на оцени за соодветните предмети), евидентно е дека системот не е доволно искористен, особено за потребите на спроведувањето на самоевалуационата постапка.

Факултетот има обезбедено пристап до EBSCO, како за наставно научниот кадар, така и за студентите.

# 3. Научно – истражувачка дејност

### 3.1. Систем за поддршка на научно – истражувачката дејност

Со цел стимулирање на научно – истражувачката работа на Факултетот функционира Центар за научно-истражувачка работа којашто ја развива, извршува, промовира, интензивира, популаризира и поттикнува научно-истражувачката дејност, како интегрален дел на вкупната дејност на Економскиот факултет во Прилеп.

### 3.2. Едукација и истражување

Факултетот ја поддржува научно-истражувачката активност на студентите. Материјално – техничките ресурси им се достапни на студентите при изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови, односно при реализацијата на нивните истражувања.

Во периодот 2019/2020 година, на Факултетот вкупно дипломирале 72, а додека во академската 2017/2018 година дипломирале 173 (Табела 10). Вкупниот број на одбранети магистерски трудови за академската 2019/2020 изнесува 87, а во академската 2017/2018 биле одбранети 110 магистерски трудови. Од изнесените бројки може да се заклучи дека драстично се намалила бројката на дипломирани и одбранети магистерски трудови, што пак се должи на намалувањето на запишани студенти на прв и втор циклус во изминатите академски години.

Процесот на студирање во прв циклус студии е соодветно мониториран и воден од раководителите на студиски програми, а во рамките на втор и трет циклус се спроведува супервизија на студирањето од страна на избрани ментори. Исто така, академскиот кадар учествува во различните фази на реализација на студиските програми на втор и трет циклус студии и тоа: менторство, учество во комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови и сл. (Табела 12).

Посебен квалитет во реализирање на научно-истражувачка работа од страна на студентите, претставуваат програмата на англиски јазик *Претприемништво и менаџмент на мали и средни претпријатија* од проектот DOCSMES. Исто така, Факултетот финансиски, го поддржуваат ангажирањето на гостувачки професори од странство во реализацијата на докторските студии, но и во супервизијата на докторските трудови (ментори или членови на комисија за оценка и одбрана на трудовите).

## 4. Општествена одговорност

***- Web страна на Факултетот***

Економскиот факултет – Прилеп има своја web страна преку која студентите и пошироката јавност можат да се информираат за повеќе прашања. На оваа web страна се наоѓаат податоци за неговата локација, површината, просторните и технички капацитети. Во овој дел, можат да се добијат информации за активностите на Факултетот и тоа: на планот на научно-истражувачката работа, научните собири, трибини, соработката со други универзитети и и факултети, издавачката дејност, меѓународни и домашни проекти, конференции и друго.

***- Alumni база***

Во Факултетот во тек се активностите за формирање alumni база и се очекува истите да бидат успешно завршени за краток временски период.

***- Одбор за доверба со јавноста***

Во согласност со одредбите од Законот за високото образование, составот и надлежностите и начинот на работа на Одборот за соработка и доверба со јавноста е уреден со Статутот на Економски факултет-Прилеп.

Факултетот нуди соодветни програми и проекти за стручно усовршување и надградба кои им ги нуди на заинтересираните лица од бизнис секторот кои се реализират преку организирање на предавања и обуки кои се структуирани во согласност со современите барања на економското живеење.

За вршењето на Високообразовната дејност, достапноста на информациите од интерес на јавноста кои се однесуваат на дејноста опишана преку бројот и називот на студиските програми, профилот на кадрите кои ги едуцира Факултетот, можностите за студирање и сл., превземени се соодветни активности за застапеност на Факултетот на електронските и пишани медиуми преку гостување во посебни емисии, интервјуа и друго на лицата од Управата на Факултетот и останатиот академски кадар. На овој начин, се обезбедува соодветна популаризација на активностите на Факултетот во областа на научно-истражувачката дејност и се создаваат претпоставки за негово непосредно вклучување во општествениот развој.

## 5. Меѓународна соработка и интернационализација

Во изминатиот период Економскиот факултет реализираше политика на зголемена отвореност и комуникација со странските високообразовни и научно истражувачки институции. На тој начин, се овозможуваат предуслови за воспоставување соработка во рамките на билатералните и мултилатералните истражувачки програми, програми за мобилност на академскиот кадар и студенти и промовирање на универзалната димензија на образованието и науката. Имено, Факултетот, изминатата академска година го продолжи континуитетот во меѓународната соработка, така што голем број наставници, соработници и студенти зедоа активно учество во меѓународната програма за мобилност Еразмус+. Покрај учеството во Еразмус+ програмата, во текот на академската година Факултетот се вмрежи и во меѓународната програма за размена на академски кадар и студенти, ***CEEPUS (Central European Exchange Programme for University Studies)***,и тоа како партнерска институција во две ***CEEPUS*** мрежи.

Меѓу поголемиот број активности во меѓународната соработка на Економскиот факултет – Прилеп, вредно е да се издвојат следниве:

- Реализирана мобилност на академски кадар на постдокторски студии,
- Реализирана мобилност на соработничкиот кадар за подготовка на докторски дисертации,
- Реализирани Еразмус+ појдовни мобилности на студенти,
- Реализирани Еразмус + дојдовни мобилности на студенти,
- Реализирани дојдовни Еразмус+ мобилности на кадар.

Во изминатата академска година склучени се билатерални Еразмус+ договори за мобилност меѓу Универзитетот „Св. Климент Охридски“ -Битола и повеќе странски универзитети, и тоа:

- Jan Dlugosz University in Czestochowa, Poland,
- University of Alba Iulia, Romania,
- University of Ruse, Bulgaria,

- Adana Science and Technology University, Turkey.

Економскиот факултет – Прилеп зеде активно учество како партнер во меѓународниот проект ***Western Balkans tracer study*** финансиран од Европската комисија преку ***WNAA(Western Balkans Alumni Association)***, за сите алумни во Западен Балкан коишто користеле фондови од Европската унија за образование/размена во странство.

Економскиот факултет-Прилеп беше инволвиран во голем број активности и настани подржани од ***Western Balkans Alumni Association (WBAA)*** основана од Европската комисија: Генерален директорат за образование, култура, млади и спорт. Од редовите на академскиот кадар на Економскиот факултет – Прилеп, доц. д-р Раната Петревска – Нечкоска беше назначена за Раководител на асоцијацијацијата за истражување при ***Western Balkans Alumni Association***. Меѓу позначајните активности во кои Факултетот имаше учество е ***8$^{th}$ Ministerial meeting for Western Balkans Platform for Education and Training*** кој се одржа во Белград во јуни 2019 година.

### 5.1. Податоци од сектор за соработка со стопанство

Една од стратешките цели на Економски факултет – Прилеп е интензивирање на процесот на проширување на соработката со бизнис заедницата. Центарот за професионални обуки и кариерен развој е основан со цел да нуди консултански услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување, доживотно учење и кариерен развој. Основна задача на Центарот е да нуди консултански услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување и доживотно учење. Ваквите услуги можат да се реализираат преку организирање курсеви за едуација на вработените во стопанството и нестопанството, обезбедување на стручна помош (експертизи, вештачења, анализи и студии) креирање програми согласно потребите на деловните субјекти и субјектите од нестопанството. Во насока на воспоставување континуирана соработка со бизнис заедницата, приватни и јавни институции во изминатиот период Центарот презеде неколку активности:

- До сите професори и останатиот кадар на факултетот беше доставено барање да достават понуди и предлози за потенцијалните обуки коишто би можеле да ги организираат за потребите на деловниот сектор и нестопанството.
- Врз основа на прибраните понуди од страна на кадарот на факултетот се изготви анкетен прашалник коишто беше доставен до деловните субјекти за да се обезбедат податоци за нивните потреби, со можност да предложат и тие области за кои би сакале да им се одржат обуки. Овој анкетен прашалник електронски беше доставен до 30 субјекти од стопанството и нестопанството од Пелагонискиот регион, за идентификација на потребите за обука. Со овој прашалник потенцијалните субјекти беа информирани за постоењето на Центарот, неговата цел и услугите коишто може да им ги понуди. Исто така потенцијалните корисници на услугите од Центарот беа информирани дека обуките може да се вршат во просториите на факултетот или во просториите на самиот субјејкт, во зависност од тоа како повеќе му одговара на истиот. Воедно во Прашалникот беше доставена и понудата на услугите коишто може да им ги обезбеди Центарот како што се: креирање бизнис план, даночно сметководство, маркетинг во бизнисот, креативност и иновации,

